
ОПШТИНА
ГЕВГЕЛИЈА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,
драги Гевгеличани!

Со искрена работа и посветеност можат да се создадат големи промени. Ова не е само изборен момент, ова е време за одлука – нашата Гевгелија да продолжи по патот на развојот.

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие. Од сите нас зависи каква иднина ќе создадеме. Иднината не е случајност, таа ја создаваме ние, заедно.

Како човек кој веќе добро ме познавате, можам да кажам дека пред нас е период на развој и нова енергија. Со оваа програма ја продолжуваме нашата визија за Гевгелија како современа, урбана и модерна заедница. Кај мене ќе најдете партнер за Вашите секојдневни потреби и локална самоуправа која вложува во сите сегменти од денешното живеење, а со тоа создава перспектива за сите генерации.

Нашето искуство покажа дека е потребно да создаваме услови за економски развој, да работиме на подобрување на локалната патна мрежа, животната средина и комуналната инфраструктура. Да продолжиме со поддршката на младите, непрестајно да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата, а паралелно да работиме и на подобрување на стандардот кај социјално ранливите категории граѓани. Гевгелија мора да продолжи да расте и како значајна туристичка дестинација.

Потребно е посветено да се работи, со јасни цели и визија за прогрес. Вие, граѓаните, тоа го заслужувате. Во оваа програма се содржани конкретни мерки и јасно зацртани цели, изработени според вашите секојдневни потреби и дадени предлози.

Почитувани сограѓани,

Пред нас се четири години во кои ќе докажеме дека Гевгелија ги има сите предуслови за иден развој. Град во кој младите ќе ја гледаат својата перспектива, семејствата ќе живеат достоинствено, а постарите ќе се чувствуваат сигурно и почитувано.

Следува време на нови проекти, секој нов проект ќе значи чекор кон подобро утре. Како и досега, ветувам работа и беспоштедна посветеност за повеќе резултати. Заедно ќе ја продолжиме мисијата, Гевгелија да се развива како урбана, модерна и успешна заедница.

Заеднички да создаваме нова иднина!

Со почит,
Андон Сарамандов

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Димитар Вегов - Носител на листа
2. Анета Стамкова
3. Георги Петков
4. Зоран Димитров
5. Надица Ристовски
6. Игор Илков
7. Борче Стојков
8. Павлина Минова  Ичева
9. Елена Хаџи Николова
10. Горге Попов
11. Сара Маркова
12. Маја Мичова Ристоска
13. Мирјана Костадинова
14. Игор Николов
15. Горан Митров
16. Тодор Јованов
17. Валентина Ангелова
18. Душко Јанев
19. Марјан Боевски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## Секундарен влез и излез во градот со изградба на Улица „Борис Кидрич“

Со оглед на тоа што Гевгелија во моментот располага со една сообраќајна врска за влез во градот, со изградбата на оваа сообраќајница – поврзување на улицата „Борис Кидрич“ со локалниот пат за Мрзенци, Гевгелија ќе добие секундарен влез и излез во градот. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи побрз и побезбеден проток на сообраќај и дополнително, секундарниот влез ќе придонесе за рамномерен развој на тој дел од градот, подобра поврзаност и создавање предуслови за економски раст и нови инвестиции.

## Реконструкција на улицата „Маршал Тито“

Улицата „Маршал Тито“ има историско значење за Гевгелија, попозната како улица од станица до граница. Со реконструкцијата ќе биде изградена целосно нова подземна инфраструктура, прередување на гранитните коцки, поплочување на тротоарскиот дел, како и модерно улично осветлување и новозасадени дрвја. Со ова современо урбано уредување и зачувување на автентичноста, улицата ќе добие модерен изглед.

## Изградба на кеј и уредување на речното корито на Вардар

На потегот од мотел „Вардар“ до Г.П. Богородица ќе се изгради нов кеј со современи пешачки и рекреативни содржини долж течението на реката Вардар во должина од околу 2,5 км. Овој проект ќе придонесе за заштита и уредување на речното корито, но и за развој на нови зелени и рекреативни површини достапни за сите граѓани. Со оглед на развојниот потенцијал на тој дел од Гевгелија, покрај автопатот Е-75, овој проект дополнително ќе придонесе за целосно инфраструктурно и урбано уредување на градот.

## Нов модерен парк „ПАРКОТ НА МИРОТ“ кај Сува Река на површина од 25.000 квадратни метри

На брегот на Сува Река во Гевгелија, на површина од 25.000 квадратни метри ќе биде изграден најголемиот парк, со современи содржини за одмор и рекреација. Проектот ќе содржи огромна тревна површина, еко-пешачки патеки од гравел-елементи, хортикултурно уредување со голем број видови нискостеблести растенија и дрвја, како и современа урбана опрема со осветлување за модерен изглед на просторот. Во паркот ќе биде поставен и лавиринт од зелени растенија, што ќе создаде ново зелено белодробно јадро на градот, со што ќе се подобри квалитетот на животната средина и урбаниот развој.

## Изградба на нов фудбалски стадион во урбан Блок 5 „Касарна“

со фудбалски тренинг-камп за млади категории Заради овозможување подобри и современи услови за развој на фудбалерите и младите спортисти во Општина Гевгелија ќе се реализира овој капитален проект. Гевгелија ќе добие модерен и репрезентативен спортски објект за одржување меѓународни спортски и културни настани.

## Изградба на модерен градски плоштад

Ново, модерно и функционално архитектонско решение за изградба на нов плоштад во центарот на градот. Со овој проект ќе биде изградена нова подземна инфраструктура, поплочување на плоштадниот простор со гранитни елементи, урбана опрема и модерна фонтана, како и ново хортикултурно уредување. Центарот на Гевгелија ќе се трансформира во модерно и атрактивно место за јавни настани, културни манифестации и дружење.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Урбана инфраструктура** (инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз).
- **Одржлив урбан развој** (нов одржлив концепт на урбанизација и домување).

## ПАТНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во делот на патната инфраструктура предвидено е изградба на нови улици и реконструкција на постојните, кои се наведени во програмата.

Со реализација на проектите за атмосферска канализација во изминатиот период и со изградба на атмосферска канализација на улиците предвидени во оваа програма, Гевгелија ќе биде единствена општина со покриеност од над 90 % со атмосферска канализациона мрежа.

- **Рехабилитација со проширување на регионален пат** Р1108, излез од Гевгелија (Динќут) – Горничет.
- **Рехабилитација на државен пат А1**, делница Гевгелија - граничен премин со Република Грција (Богородица).
- **Реконструкција на булевар „Гевгелија“** со кружен тек (изградба на атмосферска канализација и реконструкција на коловозот и тротоарите).
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Петар Мусев“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Ванчо Прке“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Кукушка“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Скопска“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Нако Вардарски“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Титоградска“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Сараевска“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Ѓорге Велков“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Борис Кидрич“ (на потегот од кружен тек до „Макпетрол“).
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Панде Дуганов“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Земунска“.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на влезната улица** во Моин.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Иван Марков Братот“ во Богородица.
- **Реконструкција со асфалтна подлога на ул.** „Атанас Ѓуров“ во Прдејци.

- **Реконструкција со асфалтна подлога на улица** во Миравци (до црквата).
- **Реконструкција со асфалтна подлога на улица** „Гоце Делчев“ во Мрзенци.
- **Изградба и продолжување на Ул. „Илинденска“** (поврзување со Ул. „Борис Кидрич“ кај кошаркарското игралиште „Иван Пенов“).
- **Изградба на сервисна улица 2** во Блок 15.
- **Изградба на сервисна улица 6** во Блок 15.
- **Изградба на сервисна улица новопланирана 1** во Блок 5 (социјална зграда кај стара касарна).
- **Изградба на улица новопланирана 1** во Блок 10.
- **Изградба на улици со подземна инфраструктура** во Блок 12.
- **Изградба на улици со подземна инфраструктура** во Блок 14.1.
- **Изградба на улици со подземна инфраструктура** во Блок 16.
- **Изградба на улици** во Блок 11.
- **Изградба на улици со подземна инфраструктура** во Блок 7.5.
- **Изградба на улици со подземна инфраструктура** во Блок 9.
- **Изградба на ул. „Александар Бел“** со подземна инфраструктура во Мрзенци.
- **Етапна замена на азбесни водоводни цевководи** во градот.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Петар Мусев“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Ванчо Прке“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Кукушка“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Скопска“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Иво Лола Рибар“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Борис Кидрич“ (на потегот од кружен тек до „Макпетрол“).
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Гевгелиски партизански одреди“ (позади „Аполонија“).
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Деко Ковачев“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на булевар „Гевгелија“.
- **Изградба на атмосферска канализација на крак од ул.** „11 Октомври“.
- **Изградба на атмосферска канализација** на ул. „Митко Зафиров“.
- **Изградба на фекална канализација** во населеното место Смоквица.
- **Изградба на фекална канализација** во населеното место Ново Конско – Горничет.
- **Изградба на фекален колекторски систем** со пречистителна станица во Негорци.
- **Изградба на тротоар со канделабри** покрај регионалниот пат во Прдејци (од бифе „Старс“ до фабриката „Интер Костракшн“).
- **Изградба на тротоари на улицата** „Гоце Делчев“ во Миравци.
- **Изградба на пешачка патека** со осветлување на потегот Миравци – Железничка.
- **Доградба на потпорен ѕид** на речното корито нареката во Давидово.
- **Реконструкција со асфалтна и бетонска подлога** во сите населени места.
- **Изградба на пречистителна станица** на постојната канализација во Прдејци.
- **Решавање на проблемот со атмосферските води** во Мрзенци.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **Поддршка на иновациите и претприемништвото** (формирање локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање научно-образовен локален центар).
- **Подобрување на локалните услови** за водење бизнис и поддршка на МСП.
- **Локална стратегија за промоција на странски инвестиции**.
- **Поддршка на занаетчиството** и малите локални бизниси.
- **Организација на бизнис-форуми**.
- **Натпревар за најдобри претприемачки идеи** со финансиска и стручна поддршка за реализација.
- **Поттикнување и развој на претприемачкиот дух** кај младите преку организација на настани и активности.
- **Искористување на пристапните фондови на ЕУ** и постигнување рамномерен развој во целата општина.
- **Обезбедување ново теренско противпожарно возило** за потребите на ТППЕ Гевгелија.



# ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИ

- **Изградба на иновативен тренинг-центар** и негово целосно опремување во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија. Модерен, еколошки, енергетски одржлив тренинг-центар, со доградба и адаптација на соодветно опремена работилница за пракса на автомеханичар и машински техничар за моторни возила, како и опремени канцеларии за пракса на ученици од економската струка. Проектот вклучува и инсталација на фотоволтаични панели за потребите на тренинг-центарот, како и автомобилска тренинг-опрема за практична настава.
- **Обезбедување униформи** за сите ученици во основните училишта во Општина Гевгелија.
- **Бесплатна матурска вечер** за сите матуранти.
- **Реконструкција на кровната површина** на ООУ „Крсте Петков Мисирков“.
- **Поставување систем за климатизација** во сите училишни простории во ООУ „Крсте Петков Мисирков“.
- **Опремување кабинет по информатика** во ООУ „Владо Кантарџиев“ со современа компјутерска опрема.
- **Обезбедување лаптоп-компјутери** за наставниот кадар во основните училишта.
- **Опремување кабинет по биологија и хемија** во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци.
- **Опремување кабинет по информатика** во ООУ „Климент Охридски“ во Миравци.
- **Опремување кабинет по информатика** во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци.
- **Уредување училишен двор** во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци.
- **Субвенционирани курсеви за дигитални вештини** за младите (за онлајн-работа од Гевгелија).
- **Гевгелиска младинска картичка** (попусти и бесплатни влезови за културни манифестации, театар, музеј, библиотека, фитнес-установи).

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- **Поставување LED-информативни табли со водич за градот.**
- **Воведување видео-надзор на јавни површини и спортски игралишта со цел превенција од оштетувања на јавните добра и урбаната опрема.**

## Е-СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА РЕСУРСИ

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на општината и оптимизација на трошењето на средствата.

## Е-СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на општината. Сите документи кои ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација/доградба/надградба, аплицирање за социјални услуги/субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален

урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

## ➤ Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн-вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ➤ ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА Поставување уреди за бесплатно достапен јавен Wi-Fi на следниве локации:

- Нов модерен парк
- Градски Плоштад
- Парк „Виолета“



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ

- **Изградба на спортско игралиште** со модерна подлога на ул. „11 Октомври“ во Гевгелија.
- **Изградба на фитнес-зона со детско катче** во Миравци.
- **Поставување кошаркарски терен** во дворот на градинката во Негорци.
- **Изградба на кошаркарско игралиште** со модерна подлога во Богородица.
- **Реконструкција на спортско игралиште** со тартан-подлога во Милетково.
- **Логистичка и финансиска поддршка** на спортските клубови, здруженијата на граѓани и спортските работници во Општина Гевгелија.
- **Бесплатни часови по пливање** за деца.
- **Субвенции за купување нови велосипеди**.
- **Реконструкција на фудбалското игралиште** во Негорци.
- **Изградба на ново тениско игралиште** во Гевгелија (ООУ „Владо Кантарџиев“).
- **Партерно доуредување на спортско-рекреативниот комплекс** во Миравци.



# УРБАНА, ЗЕЛЕНА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **Изградба на подземни контејнери во централното градско подрачје. Подземните контејнери за отпад се современо решение за подобра хигиена и естетика. Придобивките се значителни во делот на животната средина:**

- Придонесуваат за помалку мирис на јавните површини.
- Чист и уреден простор.
- Се заштедува простор на тротоарите и улиците.
- Подземните контејнери имаат поголем капацитет.

- **Изградба на трета фаза од каналот „Рауљ“.**

Со изградба и регулација на каналот „Рауљ“ на потегот од месноста Караорман до веќе изградениот дел кај улицата „Серменинска“, целосно се решава проблемот со канализирање на атмосферските води од ридските сливни подрачја во градот и околината.

- **Изградба на претоварна станица со лента за примарна селекција во делот на управувањето со комуналниот отпад. Лентата за селекција овозможува:**

- Издвојување на пластика, метал, стакло, хартија и био-отпад.
- Намалување на количината што завршува на депонија.
- Намалени трошоци за транспорт и депонирање.
- Приходи од продажба на рециклиран материјал.
- Усогласување со европските стандарди за управување со отпад.
- Подготовка за идни системи на кружна економија.
- **Набавка на возило** за депонирање на селектиран отпад.

- **Бесплатни работилници за едукација на младите** за заштита на животната средина и јавните површини. Целта на овој проект е запознавање на децата од најрана возраст со значењето на животната средина.
- **Изградба на нов парк** со детско катче на булеварот „Гевгелија“.
- **Изградба на нов парк** „Железничка“.
- **Изградба на нов парк за миленичиња** (во Блок 12).
- **Уредување на парк** „Виолета“.
- **Уредување на зелени површини** со урбана опрема кај ул. „Илинденска“.
- **Уредување на зелени површини** со урбана опрема кај ул. „Коле Неделковски“.

- **Изградба на парк на улицата** „Серменинска“ до „Рауљ“ Гевгелија.
- **Изградба на нов парк** во Негорци (до детската градинка).
- **Изградба на нов парк** во Богородица (до старото школо).
- **Уредување на црковниот простор** во парк пред „Св. Петка“ во Прдејци и изградба на паркинг спроти црквата за ослободување на уличниот простор.
- **Уредување и зазеленување на центарот** во Моин.
- **Уредување на просторот** со урбана опрема (Чешма на патот за Кованец).
- **Изградба на мини-парк** на локацијата „Старец маало“ во Негорци (некогашен говедарник).
- **Модерно партерно уредување на централното подрачје** во Миравци со хорти-култура и урбана опрема (со доградување на потпорен ѕид).
- **Модерно партерно уредување на централното подрачје** во Негорци со хорти-култура и урбана опрема.
- **Целосна реконструкција на постојниот запуштен простор** и уредување во ви-кенд-парк на Кованска Река.
- **Партерно и хортикултурно уредување** во градот и населените места.
- **Акции за пошумување** на околината на Општина Гевгелија.
- **Уредување на дворовите на градинките** во сите населени места (по пример на градинката „Сончогледи“).
- **Поставување електрични полначи** за автомобили и мотори.
- **Изградба на фотоволтаична централа** во ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија.
- **Изградба на фотоволтаична централа** во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија.
- **Изградба на фотоволтаична централа** во ООУ „Климент Охридски“ во Миравци.
- **Изградба на фотоволтаична централа** во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- **Изградба на полетиште за параглајдери** Стајка (над Серменин).
- **Донесување Детален урбанистички план** за опфатот околу Конска Брана како потенцијално туристичко место.
- **Ревитализација и уредување на Вардарски Рид**.
- **Реконструкција на објектот Старо школо** во Серменин.
- **Изградба на вело-патеки** во Серменин.
- **Изработување листа (табла) на совети** (правилник) за однесување со природата.
- **Лоцирање на простори за активности покрај реките** во Општина Гевгелија и нивно уредување и опремување.
- **Активности за развој на трим-активности**: трасирање, уредување и опремување на трим-патеките, уредување на просторот за набљудување на трим-натпревари-те.
- **Логорување**: определување и уредување на локации за логорско и хигиенско уре-дување и опремување.
- **Креирање на карактеристичен сувенир** за секое место во Општина Гевгелија.
- **Регионален саем на вино и ракија**.
- **Изработка на локална стратегија за туризам** 2026-2031 година.
- **Активна промоција на туристичките потенцијали на градот** преку туристичката платформа „Spice up the journey“.
- **Изработка на промотивни материјали** за промоција на Општина Гевгелија.
- **Изработка на видеа** за туристичките потенцијали во Општина Гевгелија.
- **Изработка на мапа – туристички водич** за градот.
- **Организација на културни и спортски настани** за привлекување туристи.
- **Активно учество на домашни и меѓународни саеми** за туризам.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- **Целосна реконструкција на ЈОУ Пионерски дом – Гевгелија**. Со реализација на овој проект ќе се овозможат услови за функционирање на сите здруженија на граѓани, културни друштва и културни и образовни работници во Општина Гевгелија. Гевгелија ќе добие модерен, репрезентативен објект за дружење и социјализација на младите.
- **Финансиска и логистичка поддршка** на здруженија на граѓани, културни друштва и културни работници во Гевгелија.
- **Подигање спомен-обележје** за ликот и делото на Илија Џаџев (гевгелиски поет, виртуоз на хавајска гитара и познат хуманист).
- **Организација на традиционални настани** за промоција на културните вредности особено значајни за поднебјето на Гевгелија.
- **Бесплатни часови по гитара** за деца.
- **Бесплатни часови по тапани** за деца.
- **Бесплатни часови по драмска секција** за деца.
- **Бесплатни часови по ликовна секција** за деца.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Народна кујна** (обезбедување бесплатен оброк за корисници на социјална помош во угостителската сала при СОУ „Јосиф Јосифовски“).
- **Бесплатна градинка** за деца од социјално ранливи категории.
- **Бесплатен логопедски третман** за деца.
- **Бесплатен оброк за ученици од социјално ранливи категории** (од I до IV одделение).
- **Спроведување на проектот за лична асистенција** на лица со попреченост во соработка со Црвениот крст – Гевгелија.
- **Реконструкција и опремување на простории за дневен престој** за стари лица со активно стареење во соработка со Црвениот крст – Гевгелија.
- **Изградба на пристапни рампи** на клучни сообраќајници.
- **Формирање координативно тело** за здравствена заштита.
- **Реконструкција на детската градинка** во Миравци.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- **Реконструкција на Младински дом** во Миравци.
- **Реконструкција на Младински дом** во Негорци.
- **Реконструкција на Младински дом** во Мрзенци.
- **Реконструкција на Младински дом** во Петрово.
- **Монтажа на „гарден шах“** до новоизградените детско игралиште на центарот во Негорци.
- **Поставување нови фонтани** на различни локации во градот.
- **Детски катчиња за најмалите** во: Миравци, Давидово, Милетково, Петрово, Моин и Смоквица.
- **Изградба на нов парк** во Мрзенци.
- **Изградба на памптрак-патека** во Гевгелија.
- **Изградба на детско игралиште** кај Сува Река.
- **Организација на турнири во мал фудбал**.
- **Апликација за рециклирање** – „Гевгелија зелен град“.
- **Фестивал на уметноста** во Гевгелија.
- **Отворено кино**.
- **Проектна канцеларија за пишување ИПАРД-проекти** за земјоделци и мали бизниси.
- **Развој на гевгелискиот културен идентитет** преку истражување на историјата и нови туристички содржини.
- **Паметни интерактивни табли** за туристите во Гевгелија.
- **Реновирање на стари фасади** (утврдување на приоритет според степенот на оштетеност).
- **Водовод во село Кованец** и уредување на водоснабдувањето во Кованец.
- **Обезбедување спортска опрема** (кошаркарски реквизити) за спортското игралиште во Кованец.
- **Изградба на пешачка патека со осветлување** на потегот Миравци – Бел Рај.
- **Реконструкција на старата амбуланта** во Миравци.

ВМРО-ДПМНЕ